# CONTEMPORARY PRACTICES OF CELEBRATING GJURGJOVDEN/HIDIRELLEZ AMONG THE TURKISH COMMUNITY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Aktan Ago**
Institute of Folklore "Marko Cepenkov" – Skopje, Republic of North Macedonia, aktan_ago@yahoo.com

**Abstract:** Hıdırellez is a traditional Turkish festival that symbolizes the arrival of spring and is celebrated across a wide geographic area—from Central Asia to the Balkans. Celebrated on May 6 according to the Gregorian calendar, Hıdırellez represents one of the common cultural traditions of the Turkic world and is among the seasonal festivities that mark the awakening of nature and the beginning of spring. As this holiday is commemorated with various rituals and customs throughout the regions inhabited by Turkish populations, in the Republic of North Macedonia this tradition is preserved not only among the Turks but also among other ethnic communities through local celebrations.
This paper explores the beliefs and customs related to Hıdırellez among the Turkish population in the Republic of North Macedonia, focusing on the contemporary ways in which the festival is celebrated. The aim of the study is to document the current ritual practices that characterize Hıdırellez celebrations today. Special attention is given to greening-related rituals and the tradition known as *martufal*, which still survives in certain regions. In 2017, this cultural element was inscribed on UNESCO's Representative List of the Intangible Cultural Heritage of Humanity. Hıdırellez, as a living cultural practice among the Turks in North Macedonia, is deeply rooted in oral tradition, beliefs, and nature-related rituals, transmitted from generation to generation.
**Keywords:** Hıdırellez, rituals, beliefs, greening, *martufal* tradition

# СОВРЕМЕНА СОСТОЈБА НА ПРАЗНУВАЊЕТО НА ЃУРЃОВДЕН/HIDIRELLEZ КАЈ ТУРЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Актан Аго**
Институт за Фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, Р. Северна Македонија, aktan_ago@yahoo.com

**Резиме:** Х'д'рлез е традиционален празник на Турците што го симболизира доаѓањето на пролетта и се прославува на широка територија – од Централна Азија до Балканот. Празнувањето на Х'д'рлез, кое се слави на 6 мај според Грегоријанскиот календар, претставува еден од заедничките обичаи на туркиските народи и спаѓа меѓу сезонските празници што го симболизираат будењето на природата, доаѓањето на пролетта. Како што овој празник се одбележува со различни ритуали и обичаи низ широкиот географски простор каде што живеее турско население, така и во Република Северна Македонија оваа традиција живее не само кај Турците, туку и кај другите етнички заедници преку локални свечености.
Во овој труд ќе ги разгледаме верувањата и обичаите поврзани со Х'д'рлез кај Турците во Република Северна Македонија, односно денешните начини на празнување. Целта на овој труд е да ги долови современите обредни дејства, карактеристични за празнувањето денес од страна на Турците во Република Северна Македонија. Посебно внимание ќе посветиме на обредите поврзани со озеленување, како и традицијата „мартуфал“, која што сеуште опстојува во одредени региони. Ова културно добро во 2017 година беше впишано во Репрезентативната листа на нематеријално културно наследство на човештвото на УНЕСКО. Х'д'рлез кај Турците во Македонија, како жива културна практика е длабоко вкоренета во усната традиција, верувањата и обредите поврзани со природата, која се пренесува од генерација на генерација.
**Клучни зборови:**Х'д'рлез, обреди, верувања, озеленување, традицијата мартуфал,

## 1. ВОВЕД

Од Централна Азија, преку Анадолија, па сè до Балканскиот Полуостров, Турците кои живеат во овие различни простори, го прославуваат празникот Х'д'рлез, доаѓањето на пролетта и пренесувајќи ја од генерација на генерација оваа традиција останува жива (Çam, 2020: 27). Празнувањето на Х'д'рлез надвор од Анадолија, претежно се среќава помеѓу турското население кое живее на балканските простори (Yücesoy, Okmeydan & Ekici 2023: 905).
Х'д'рлез, како празник со длабоки историски корени, го симболизира преминот од зимската кон летната сезона, односно претставува ритуализирано и свечено одбележување на повторното оживување на природата (Günay, 1993: 3). Некои истражувачи на обичаите околу обредното празнување на Х'д'рлез кај Турците

сметаат дека потекнуваат од поисламските традиции, а други, со оглед на присуството на многу елементи од предисламскиот период, сметаат дека празникот и припаѓа на предисламската турска култура и цивилизација (Пиличкова, 2012: 76).

Традицијата на Х'д'рлез, која со векови ја задржала својата особеност како значаен ден, со населувањето на Турците од Анадолија на балканскиот простор, започнала да се прославува и на овие простори. Во овие краишта, оваа традиција е позната под името „Hıdırellez/Х'д'рлез". Таа, сè до денес, се одбележува од страна на турското население кое живее во Република Северна Македонија. Во овој труд, ќе се осврнеме на современата состојба на прославувањето на овој празник. При изработката на овој труд, покрај податоците добиени од теренските истражувања и усните сведоштва од членовите на турската заедница кои редовно ја одбележуваат оваа традиција, ќе бидат земени во предвид и пишаните извори и релевантните публикации кои во последниве години се занимавале со оваа тема, со цел да се прикаже на кој начин традицијата на Х'д'рлез опстојува меѓу Турците во Северна Македонија.

Иако турското население е распространето низ целата територија на Република Северна Македонија, во некои краишта овој празник се слави и се негува со поголем интерес, додека на некои места се прославува само симболично. Исто така, може слободно да се каже дека овој празник, во некои краишта повеќе не се прославува. Повеќето од обичаите што се применуваат за време на овој празник во споредба со минатото, или се изгубени, или се поедноставени и денес само симболично се применуваат (Аго, 2018: 125).

За разлика од западниот дел на државата каде Х'д'рлез се празнува симболично, во југоисточниот дел, поточно во валандовскиот регион се негува со поголем интерес од тамошното локално турско население. Во текот на истражувањето, во Валандовскиот регион беа идентификувани обичаи и ритуали поврзани со прославата на Х'д'рлез, меѓу кои се издвојуваат: обичајот на „Yeşillenme Âdeti/Традиција на собирање на билки, озеленување", обичајот „Kısmet Kapama Âdeti/Затворање на к'сметот", обичајот „Martufal Çekme Âdeti/Мартуфал-Вадење на нишаните од ќупот".

## 2. ОБИЧАЈОТ „YEŞİLLENME ÂDETİ – ТРАДИЦИЈА НА СОБИРАЊЕ НА БИЛКИ, ОЗЕЛЕНУВАЊЕ"

Во селото Чалакли, во Валандовскиот регион, подготовките за Х'д'рлез започнуваат една недела пред самиот празник, при што се спроведува темелно чистење на домовите (се варосува и се бојадисува куќата, се перат сите килими). На самиот ден на Х'д'рлез не се чисти – не се перат ниту алишта ниту садови. Утрото на 6 мај, на денот на Х'д'рлез, целото население, уште пред изгрејсонце, излегува од своите домови упатувајќи се кон шумите и пољаните за да го реализираат обредот на „озеленување". За време на овој обред, луѓето гласно ги повикуваат своите соседи, со цел никој да не остане во постела. Се верува дека, доколку некој се успие тоа утро, целата година ќе му помине во летаргија, поспана состојба и болест (Uğurlu, 2015: 44).

Откако ќе се најде место со богата вегетација, започнува изведувањето на обичаите од страна на целото население – од најмладите до најстарите. Прво се тркалаат по зелената трева, при што се верува дека на тој начин ќе се оттргнат болестите наталожени во телото во текот на годината и се обезбедува здрав, среќен и бериќетен живот. По завршувањето на тркалањето, следи делот поврзан со дрвјата. На пример, се наоѓа дрво од дудинка и се изговара: „Dut dut ağrımı yut/Дудинке дудинке, болките оттргни ми ги" со верување дека дрвото ги впива болките. Потоа се допира дрво од калинка со желба потомството да биде бројно, како зрната во плодот на калинката. Исто така, се гушка дрво од јавор (чинар), за да се биде силен и отпорен како јаворот, со длабоки корени и достоинствен став низ целиот живот (Инф. 1; Uğurlu, 2015: 45-46).

Во рамките на обичајот на „озеленување", по завршувањето на ритуалите со тркалање по тревата и допирање на дрвја, на изгрејсонце, секој собира тревки и билки. Овие растенија потоа се закачуваат на прозорците и вратите на домовите и шталите, со верување дека на тој начин ќе се привлече бериќет и изобилство во домот и домаќинството. Во овој регион, особено се преферира користењето на копривата, која се остава закачена на прозорците и вратите за време на целиот ден на Х'д'рлез (Uğurlu, 2015: 46).

## 3. ОБИЧАЈОТ „KISMET KAPAMA ÂDETİ/ЗАТВОРАЊЕ НА К'СМЕТОТ/ЌУПОТ"

Овој обичај започнува вечерта меѓу 5 и 6 мај. Обредната церемонија започнува кога во ќуп со вода и тревки се ставаат лични предмети (обетки, шноли, копчиња и слично). Процедурата со затворањето на ќупот започнува со магиска формула. Зборовите од формулата се изговараат со цел да се омилостиват натприродните суштества и на предметите оставени во ќупот да им дадат натприродна моќ за предвидување на настаните (Пиличкова, 2012: 74). Во Валандовско, младите девојки кои учествуваат во обичајот „затворање на ќупот" се облекуваат во традиционални јуручки турски носии и го изведуваат овој ритуал во селото Башибос. Во селото Башибос не се организираат свечености или други церемонии, туку обичајот се изведува исклучиво покрај селската чешма, под вековниот јавор (чинар).Се избира едно девојче, кое ќе го

затвори ќупот, во кој ги ставаат своите предмети-нишани. Секое девојче со задоволство ја прифаќа оваа улога. По изборот на девојче кое ќе го затвори ќупот, другите девојчиња ги ставаат своите предмети во ќупот. Девојчињата го затвораат, т.е. го врзуваат ќупот со црвена шамија во јазол, за да не може да се отвори и се покрива со црвена крпа. Потоа ќупот се фаќа од двете страни и се носи да преноќи под гранки на трендафил во некоја куќа. Напред одат девојките кои го затвориле ќупот, а нив ги следат другите девојки во поворка. Откако ќе се остави ќупот на своето место, сите учеснички во овој ритуал ќе се разотидат по дома.

**4. ОБИЧАЈОТ „MARTUFAL ÇEKME ÂDETİ/МАРТУФАЛ-ВАДЕЊЕ НА НИШАНИТЕ ОД ЌУПОТ“**

На 6 мај од раните утрински часови по подготовките, девојките повторно ги облекуваат традиционалните јуручки носии и се упатуваат од околните села кон селото Башибос. Девојчињата се пречекуваат во Башибос од голем број насобрани луѓе со играње традиционални народни ора. Потоа, кажувајќи манињa, сите се упатуваат кон местото каде што е оставен ќупот. Се зема ќупот, којшто е оставен под гранките на трендафилите и потоа, со кажување на различни манињa, сите заедно се упатуваат кон реката, која поминува сред село, покрај стариот чинар. Девојчето што го има затворено ќупот, повторно седнува до ќупот. На тој начин к'сметот на девојчето повторно се отвора. Девојчето седнува до дрвото и го зема ќупот пред себе. Другите девојчиња отвораат црвена шамија врз нејзината глава. Секој крај од шамијата ја држи едно од девојчињата и овие девојчиња постојано кажуваат манињa, сè додека девојчето не го отвори ќупот и не почне да ги фрла нишаните врз црвената шамија, која се наоѓа над нејзината глава (Uğurlu, 2015: 51).

Редоследот на вадење на нишаните е определен. Девојчето вади еден нишан/предмет од ќупот, кој го става врз шамијата, која се наоѓа над нејзината глава. Девојчињата кои се наоѓаат до шамијата почнуваат да кажуваат манињa и прашуваат чиј е нишанот. Сопственичката се доближува и го зема нишанот. За секој извлечен нишан се кажува по едно мане. Но, манињата не треба да се повторуваат. Кога ќе се извадат сите нишани од ќупот, тогаш секој си ги мие рацете и лицето со оваа вода, бидејќи се верува дека водата е бериќетна и дека му дава сјај на лицето. Потоа се поставува лулашка (нишалка) на стариот чинар, која е направена од јажињата, кои ги носат со себе. На лулашката може да се качат сите, и машко и женско. Додека се лулаат на нишалката, девојките ги фрлаат цвеќињата/нишаните во реката, која се наоѓа веднаш до стариот чинар. Ако цвеќето падне во реката, се верува дека желбата на тоа лице ќе се оствари. По овој обичај се продолжува со веселбата и со народните ора  (Uğurlu, 2015: 51-52).

За време на обичајот мартуфал, една од најважните карактеристики е и кажувањето на манињата. Манињата, кои се кажуваат за време на Х'д'рлез, се обредни песни. Обичајот отворање на ќупот/обичајот мартуфал редовно започнува со обредните песни т.е. со конкретни манињa. За оваа тематика досега имаат пишувано повеќе научници и истражувачи на турскиот фолклор. Важно е да се напомене дека почетните манињa имаат посебно значење и се издвојуваат од другите, бидејќи се исполнуваат/кажуваат колективно. Речиси во сите овие манињa се споменува зборот мартуфал (со некои фонетски разлики).

Освен во валандовскиот регион, и во другите краеви во источниот регион на државата, прославата на празникот Х'д'рлез се празнува различно, но со мали разлики. На пример, во струмичкиот и радовишкиот регион во пресрет на празникот, односно на денот кој му претходи, се вршат различни домашни работи поврзани со чистењето и уредувањето на домот. Притоа, најнапред се метат и уредуваат внатрешните простории на куќата, а потоа следува темелно бришење на вратите и прозорците. Во продолжение, се чистат дворовите и непосредната околина на домовите. Завршниот дел од подготовките подразбира перење на домашни предмети и покуќнина, со што се заокружува процесот на ритуално прочистување пред празничниот ден (Destanov, 2022: 52).

Во источниот дел на државата (штипски, радовишки и струмички регион), по завршувањето на сите домашни активности, во периодот непосредно пред зајдисонце, се изведува еден значаен обичај, т.е. обичајот „затворање на ќупот“. Младите девојки подготвуваат мали цветни букетчиња составени од цвеќиња како јоргован, трендафил и слични пролетни растенија, наменети за секој член од семејството. За да се обележи на кого припаѓа секое букетче, на него се прикачува по некој личен предмет, најчесто накит, како прстен, обетка или ѓердан. Потоа, сите девојки се собираат на посебно место каде што се изведува обичајот познат како „мартифал“. На тоа место, букетчињата се положуваат во сад со вода – најчесто во ќупови или стомни. За време на ритуалот, девојките пеат различни манињa и искажуваат желби. Откако сите букетчиња ќе бидат положени во садот, истиот се покрива со марама од црвена боја, по што се остава под трендафил, каде што останува преку цела ноќ, до наредниот ден (Destanov, 2022: 55).

Обичајот мартифал/Вадење на нишаните од ќупот, се изведува на централни места во селата, односно на простори кои се сметаат за соодветни за извршување на овој ритуал. Во утринските часови на денот на Х'д'рлез, младите девојки се собираат и заеднички го земаат грнето или ќупот со вода кое претходната вечер било оставено под трендафил (Destanov, 2023: 41). Потоа, го носат на местото каде што традиционално се

одвива обичајот. Од групата девојки се избира една, ѝ се врзува марама од црвена боја на главата, ѝ се дава огледало во рацете и застанува покрај грнето. Останатите девојки се фаќаат под рака и започнуваат да пеат манињa. По завршувањето на секое мане, девојката што седи до грнето вади едно букетче од него. Се верува дека токму од оваа постапка произлегува називот на обичајот – „вадење на мартифал". На кого му припаѓа извaденото букетче се распознава по поставените обележја – како што се прстен, обетка, ѓердан и слични лични предмети. Со кажување на манeто што се упатува на сопственикот на букетчето/нишанот, се смета за симболична претстава на неговата или нејзината судбина и среќа. Ритуалот продолжува сè додека не се извадат сите букетчиња од ќупот. Црвената марама што се користи за врзување, потоа за покривање на грнето, има особено значење во турската култура – се смета за симбол на **„женственост и плодност"**. Се верува дека манињата изговорени при вадењето на нишаните ја претставуваат судбината и љубовната среќа на секој учесничка во ритуалот (Destanov, 2022: 56).

Во западниот дел на државата и во скопскиот регион каде што живее турско население, прославувањето на овој празник се изведува посимболично. Според едно народно верување, во скопскиот регион, доколку лицето ги помине првите минути од утрото на Х'д'рлез во кревет, спиејќи, тој ќе биде мрзлив и нерасположен во текот на целата година. Поради тоа, се придава особено значење на тоа, целото домашно семејство да стане рано наутро на денот на Х'д'рлез. Раното будење и активноста уште од првите утрински часови се сметаат за предуслов за здравје и благосостојба во претстојниот период (Ruşid, 2022:342).

Гранки од дрвја и растенија како топола, врба, коприва и полски цвеќиња се собираат како дел од обичаите за Х'д'рлез. Еден дел од овие гранки се поставуваат на влезната врата од куќата, другиот дел се става под перниците на децата и младите. Останатите гранки, пак, во раните утрински часови се ставаат во корито (леѓен), сместено под трендафили, каде што се изведува симболично капење на децата. Во водата се додаваат и листови од трендафил, камчиња и лушпи од јајца – елементи кои се сметаат за носители на здравје (Ruşid, 2022: 342).

Во рамки на подготовките, мали диви тикви се нанижуваат на бели и црвени конци, и потоа се врзуваат за плетенките на младите девојки, или пак со нив се украсува „бутинот" – садот за ајран, кој се декорира со зелени лисја. Во селото Долно Количани, неженетите и немажените млади одат на чешма, каде од височина се фрла варено јајце, како дел од симболичниот ритуал. Утрото на Х'д'рлез, домашните животни се изведуваат на повисоки места, а до пладне се организира пикник во природа. Во селото Пагаруша, пак, жителите одат да се избањаат на местото наречено Шпела, со верување дека тој ритуал ќе им донесе здравје во текот на целата година. Си ги украсуваат главите со цвеќиња, а дабови гранки се закачуваат на вратите од домовите. И во селото Цветово се одбележува Х'д'рлез, но во споредба со минатото, сè поретко се прославува. Тој ден, мештаните одат до чешмата во селото Малчиште, каде во водата оставаат леб, кромид и пари. Децата со гранчиња од дрен симболично се удираат меѓусебно, изговарајќи: „Да бидеш здрав како дрен!". Вечерта пред Х'д'рлез, за потребите на обичајот мартифал, девојките уште од вечерта во ќуп ставаат лични предмети како шноли, обетки, прстени, и ќупот се остава под трендафил до следното утро. Наредниот ден, девојка со црвена шамија на главата кажувајќи манињa ги вади еден по еден предметите/нишаните од ќупот. На кого му припаѓа предметот, му се припишува значењето на изреченото мане. По завршувањето на ритуалот, девојките фрлаат во изворите каменчиња, зелени гранки и по еден прамен од својата коса – со верување дека со оваа постапка ќе си обезбедат добро здравје и многу среќа (Ruşid, 2022: 344).

Во гостиварскиот регион, доаѓањето на Х'д'рлез се поврзува со природните промени карактеристични за пролетта – појавата на расцветување на дрвјата, почетокот на сеидбата и затоплувањето на времето. Овој празник се одбележува на 6 мај, кој се смета за симболичен почеток на пролетта. На денот спроти празникот, жените во своите домови подготвуваат различни јадења, како што се: колачи, пита, разни пецива и други специјалитети. Додека пак, мажите ги чистат, перат и ги украсуваат своите возила со кои следниот ден се оди на прославата. На денот на Х'д'рлез, жителите одат на излет во шумски предел во близина на излетничкото место Топошница. Ова место има и духовно значење за населението од село Врапчиште. Оваа локација е избрана како место за собирање поради својата природна убавина. Таму се организира пикник, се играат разни игри, девојките се нишаат на лулашки, а децата фрлаат парички во изворите додека замислуваат желби. Меѓу активностите се вклучуваат и игри како „Yakantop" (игра со топка) за девојчињата, додека момчињата играат фудбал. Придружувани од музика, се изведуваат народни ора, во кои заеднички учествуваат и девојки и момчиња. Посебно значајна е традицијата на замислување на желби пропратено со кажување на манињa меѓу младите од двата пола, предизвикувајќи голема забава и смеа. Сите овие активности се реализираат во текот на денот, додека во вечерните часови не се организираат никакви свечености или прослави. По завршување на прославата Х'д'рлез и враќањето дома, се пристапува кон чистење на домовите. Фрлањето на ситни пари во изворите претставува ритуал со кој се посакува многу здравје. За разлика од некои други региони, во селото Врапчиште не се пали оган за чистење – туку наместо

огнот, се користи вода како прочистувачки елемент. Сите луѓе тој ден се бањаат. Иако за Х'д'рлез не се подготвува некое специјално јадење, на трпезата задолжително се наоѓаат буреци, пити и слатки, особено шеќерпаре и традиционалното слатко карактеристично за тој регион „конак“ (Erol Çalışkan, 2012, стр. 293; Инф. 2).

Денес помеѓу турското население кое живее во Горна Жупа обичаите поврзани со вегетацијата сè уште се практикува. Овие обичаи се единствените од сите останати стари обичаи, кои во минатото се практикувале. Сите жители од овој крај, заедно со семејствата, и младите и старите, се искачуваат по ридовите за да го соберат цвеќето кукурек (kukurka, на нивен дијалект).

**5. ЗАКЛУЧОК**

Како што може да се види од горенаведеното, прославувањето и обичаите околу празникот Х'д'рлез кај Турците во Република Северна Македонија, сè уште се дел од културното нематеријално наследство на Турците, кое се негува и буди поголем интерес повеќе во населените рурални места во источниот дел на државата, но поради миграцијата село-град, како и развојот на технологијата, поради разни општествени промени, со текот на времето се чувствува стагнација околу прославувањето на овој празник.

Впишувањето на Х'д'рлез (Hıdırellez) на Репрезентативната листа на УНЕСКО за нематеријално културно наследство во 2017 година, ја потенцира важноста на овој празник како жива традиција која ја одржува поврзаноста на луѓето со природата и културниот идентитет. Во услови на модернизација и глобализација, зачувувањето на овие обичаи претставува предизвик, но и неопходност за идните генерации.

**ЛИТЕРАТУРА**

Аго, А. (2018), *„Ѓурѓовден /Hıdırellez (Х'д'рлез) кај Турците*“, во: Малинов, З. и др. , *Ѓурѓовден во Република Македонија*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, посебни изданија, кн. 84, Скопје, 2018.

Малинов, З.,(2020), *Македонскиот Ѓурѓовден – празник што зближжува, но и што разделува*, Етнолог, бр. 19, Скопје, 39-53

Пиличкова С., (1982), *За ѓурѓовденските обичаи и мањањата кај Ромите муслимани од Титов Велес*, Етнолошки преглед, бр. 17, Београд, 303-309

Пиличкова С., (2012), *Обредниот циклус на Х'д'рлез/Ѓурѓовден кај Турците од Република Македонија – Порано и Денес*, Етнолог, бр. 14, Скопје 72-79

Balat, G., (2018), *Makedonya-Kanatlar Köyü Folkloru Üzerine Bir İnceleme[Yayımlanmamış Yüksek LisansTezi], Ege Üniversitesi*

Çam, E. (2020), *Hıdırellez Geleneğindeki Cadı İnancı: Balkanlar ve Anadolu Örneği*, Balkanlarda Türk Dili ve Edebiyatı Araştırmaları, 2(1), 25-38

Erol Çalışkan, Ş.S., (2012), *Makedonya Türklerinde Hıdırellez İnancı, Özel Günler ve Çeşitli Kutlamalar*, Prof. Dr. Fikret Türkmen Kitabı, 289-300

Günay, U. (1993), *Ritüeller ve Hıdırellez*, Milli Folklor, (26), 2-3

Destanov, E. (2022), *Doğu Makedonya Yörük Halk Kültüründe Hıdırellez Kutlama Geleneği*, Balkanlarda Türk Dili ve Edebiyatı Araştırmaları, 4(1), 47-65

Destanov, E. (2023), *Kuzey Makedonya Türk Halk Kültüründe Hıdırellez Kutlama Geleneği*, Söküm ve Türk Dünyasında Hıdırellez Uluslarası Sempozyum Bildiri Kitabı, 33-48

Ruşid, F., (2022), *Üsküp Türklerinin Somut Olmayan Kültürel Mirası [Yayımlanmamış doktora tezi]*, Trakya Üniversitesi

Sipahi, İ. H., (2015), *Batı Makedonya'da Maddi Olmayan Kültür Mirası [Yayımlanmamış Yüksek LisansTezi], İstanbul Üniversitesi*

Uğurlu, S. (2015), *Makedonya-Valondova Hıdırellez Âdetlerinden "Yeşillenme", "Kısmet Kapama" ve Martufal Çekme" Âdetleri*, Türük Uluslararası Dil, Edebiyat, ve Halkbilimi Araştırmaları Dergisi, (5), 37-60

Yücesoy, G.E., Okmeydan, S. B., & Ekici M., (2023), Somut Olmayan Kültürel Miras Unsuru Olarak Bahar Bayramı: Hıdırellez*, Balkan 9. Uluslararası Sosyal Bilimler Kongresi* (899-910). Academy Global Publishing House. ISBN: 978-625-6830-41-7

**СПИСОК НА ИНФОРМАТОРИ**

Инф. 1- Фатиме Омерова, родена 1953 година, село Прстен, Валандовско. Регистрирала Бурџу Алији, 2022 година. Личен архив на Бурџу Алији

Инф. 2 –Зуди Ислами, роден 1964 година во с. Врапчиште, Гостиварско. Регистрирал Актан Аго, 2025 година. Личен запис